**Постапка за поднесување барања за издавање документи по електронски пат**

Студентите можат да поднесуваат барања за издавање уверенија, потврди и други документи што ги издава службата за студентски прашања по електронски пат.

За таа цел, студентот треба да преземе образец за соодветното барање од веб-страницата на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер, во делот 'Студии'>'Обрасци за барања'.

Образецот треба целосно и точно да се пополни, да се скенира и да се прати на електронската адреса temelkova@fdtme.ukim.edu.mk.

Во колку за бараниот документ е потребно да се уплати одредена сума, се скенира и се праќа и соодветната уплатница од извршената уплата.

По приемот на барањето, службата за студентски прашања ќе го прегледа барањето и, воколку се исполнети сите потребни услови, ќе го изработи соодветниот документ. Документот ќе биде заверен, скениран и испратен на електронската адреса од којашто е поднесено барањето.

Факултет за дизајн и
технологии на мебел и
ентериер - Скопје